**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на улица Калош Дани во Општина Карпош

Скопје, август 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на улица Калош Дани во Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Град Скопје го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на улица Калош Дани.

### Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 13.413.467,10 денари со вклучен ДДВ, односно 11.367.345,00 денари без вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 13.413.467,10 денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година, од подпрограма ЈДА 482.

Општина Карпош во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно-правни спорови.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а изведбата ќе се реализира преку спроведување на јавна набавка или преку ангажирање на јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје.

### Член 3

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Карпош, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________
_________2023 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, а со член 14 од истиот закон, утврдено е дека во вршење на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат. Согласно член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“број 79/09), Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општина Карпош како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на Ј.П.Улици и патишта, констатирано е дека за реализација на проектот за реконструкција на улица Калош Дани во Општина Карпош, потребни се 13.413.467,10 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година.

Овој предлог за меѓуопштинска соработка произлегува од јавен интерес на граѓаните во месноста Момин Поток, а имајќи го во предвид фактот дека со изградба на кружниот тек и клучката Момин Поток ќе се олесни движењето на населбата кон истиот. Долж улицата Калош Дани во моментов може да се забележат огромен број на ударни дупки, многу оштетена камена коцка дели делови на кои се собира вода. Со реконструкција на истата, граѓаните кои гравитираат на овој дел ќе добијат нова и безбедна сообраќајница.

Врз основа на погоре наведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на улица Калош Дани во Општина Карпош.

.